Соопштение од одржаната работна посета на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во просториите на Агенцијата за разузнавање на 15.10 2015 година

На покана од Агенцијата за разузнавање денес, 15.10 2015 година, во просториите на Агенцијата, се одржа работна посета на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање. Од страна на Агенцијата беа презентирани актуелните активности кои согласно законските надлежности ги превзема Агенцијата во насока на спречување на заканите и ризиците по националната безбедност на Република Македонија. Најактуелни точки за кои се изврши брифинг на членовите на Комисијата беа следните:

- Активности од делокругот на надлежност на Агенцијата за справување со кризната состојба заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија,
- Активности во насока на следење, превенција и рано предупредување за закани од насилен екстремизам со цел загрозување на безбедноста на Република Македонија и регионална дестабилизација,
- Активности во рамки на глобалната антитерористичка коалиција за спречување на верски радикализам и заканите од странски терористички борци, согласно резолуциите на Советот за Безбедност на ООН,
- Активности за следење на процеси во насока на загрозување на трајните и витални национални интереси на Република Македонија,
- Меѓуинституционална и меѓународна соработка на Агенцијата на планот на превенција од глобалните безбедносни закани,
- Тековни предизвици со кои Агенцијата се соочува согласно динамиката и современите модалитети на безбедносните закани.

На средбата уште еднаш беше повторена заложбата на Агенцијата за целосна соработка, комуникација, доверливост и транспарентност со собраниската комисија со цел остварување на надзорната функција на Комисијата согласно закон. Истовремено, беше искажана подготвеност на Агенцијата во секое време да организира посебни тематски средби на кои би се презентирале заканите и ризиците по националната безбедност на Република Македонија.